ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВЕЛЕС
ул. Љубљанска бр. 1 Велестел.043/222-090
e-mail:oublazekoneski@yahoo.com www.blazekoneskiveles.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 02-372/4
27-08-19 год.
В Е Л Е С

Согласно член 108 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/2019) и член 71 став 1 од Статутот на ООУ„Блаже Конески“ - Велес Училишниот одбор на седницата одржана на ден 27.08.2019 година ја донесе следнава

ОДЛУКА

За усвојување на Годишната програма за работата на ООУ„Блаже Конески“- Велес за учебната 2019/20 година

Член 1

Училишниот одбор ја разгледа Годишната програма за работата на ООУ„Блаже Конески“- Велес за 2019/20 година и истата ја усвои.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
Ѓоко Ѓорѓиев

ООU „BLAZE KONESKI“ VELES, R. MACEDONIA
Ljubljanska1, 1400 Veles, R.S. Macedonia
043/222-090 oublazekoneski@yahoo.com blazekoneskiveles.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Бр. 0102-384/1
30-08-19 год.
В Е Л Е С

Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески"- Велес за учебната 2019/2020 год.



ЕКО



СОВРЕМЕНО



ООУ Блаже Конески



ИНОВАТИВНО



ЕФЕКТИВНО



ТРАНСПАРЕНТНО

Август, 2019 година

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД 2
2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО 3
3. МИСИЈА И ВИЗИЈА 9
4. ВЕЌЕ НАУЧЕНО/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА 10
5. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 10
6. АКЦИСКИ ПЛАНОВИ 11
7. ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ 12
8. КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 ГОДИНА 13
9. НАСТАВА 14
10. ОЦЕНУВАЊЕ 17
11. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ 19
12. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО 21
13. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО 22
14. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР 24
15. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО 25
16. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА 27
17. ПРИЛОЗИ 29
18. ИНСТРУМЕНТ ЗА ПОДГОТОВКА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И АКЦИСКИ ПЛАНОВИ 30

1. *Вовед*

Годишната програма претставува основен и најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој документ се наведени главните правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната година. Тука се предвидени и конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, терминте за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување. Имено, Годишната програма е потреба и услов за создавање и обезбедување на основни претпоставки за успешно остварување и спроведување на воспитно-образовната дејност. Како заклучок од добиените податоци од аналитичкиот приод на стручните органи и тела во училиштето како и следењето на промените во функционалното размислување, согледувањето и предлозите за подобрување на начинот на работа на воспитно-образовниот процес од страна на сите субјекти во училиштето се одредуваат главните насоки и приоритети во новата учебна година. Основната функција и суштина на програмата се состои во осмислување на дејноста на училиштето за учебната 2019/2020 година и се остварува селекција и конкретизација на дидактички елементи на воспитно-образовната дејност (цел и задачи, содржини, форми и методи на работа и сл.), условите за работа во училиштето (опрема, стручен кадар, ученици и други потреби) како и динамиката на реализација на задачите и активностите во текот на учебната годината.

Годишната програма за работа на Општинското основно училиште „Блаже Конески"-Велес се темели врз основа на законските документи:

- Законот за Основно образование, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, Закон за организација и работа на органите на државната управа и други законски и подзаконски акти;
- Статутот на Основното училиште „Блаже Конески" – Велес;
- Планот и програмата за воспитно-образовна дејност на основното училиште;
- Програма за развој на училиштето;
- Самоевалуација на училиштето;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Националната програма за развој на образованието;
- Наставните планови и програми за основно образование;
- Правилници, кодекси, деловници за работа на Училишниот одбор, Советот на родители, етичките кодекси за однесување на структурите во училиштето;
- Годишните извештаи на училиштето, Извештајот од интегрална евалуација;

Предлог-годишна програма за работа на училиштето ќе се разгледа и ќе се усвои на седница на Училишниот одбор, а потоа се доставува како усвоен предлог на конечно усвојување до Советот на Општина Велес.

2. Лична карта на училиштето

2.1. Општи податоци за училиштето

Име на училиштето	**„Блаже Конески“**
Адреса, општина, место	„Љубљанска“ бр 1 Велес, Велес
Тел.	043 222 090
Е-маил	oublazekoneski@yahoo.com
Основано од	Совет на општина Велес
Верификација-број на актот	09 – 3692/3
Година на верификација	20 – 10- 2003
Јазик на кој се изведува настава	Македонски јазик
Година на изградба	1982
Тип на градба	Тврда
Површина на објектот	9600 $м^2$
Површина на училишниот двор	11200$м^2$
Површина на спортски терени и игралишта	1500$м^2$
Училиштето работи во смена	да
Начин на загревање	Парно греење
Број на одделенија	9
Број на паралелки	42
Број на смени	2
Статус на ЕКО-училиште (зелено знаме сребрено или бронзено)	Зелено знаме
Датум на добиен статус	13.11.2018

2.2. Просторни услови за работа на училиштето

Вкупен број на училишни згради	1 (една)
Број на подрачни училишта	/
Бруто површина	9584м^2
Нето површина	8752м^2
Број на спортски терени	1 (еден)
Број на катови	3 (три)
Број на училници	42
Број на помошни простории	20
Училишна библиотека	1
Начин на загревање на училиштето	Парно греење


2.3. Материјално-технички услови

Материјално-технички услови	○ Компјутери од МОН ○ Компјутери со црвени ознаки - компјутери со зелени ознаки ○ 32- монитори, мауси,тин клиенти ○ 232 Лаптопи до трето одд. ○ 256 Компјутери IV-IX одд. ○ 77 лаптопи за вработените ○ 30 Компјутери низ школото ○ 4 ЛЦД проектори ○ 15 Телевизори ○ 25 Касетофони ○ 4 Графоскопи ○ 4 Скенери ○ 20 Печатари ○ Извршени се потребните хигиенски и материјално технички подготовки


2.4. Мапа на училиштето (каде се наоѓа), план на просториите

Училиштето е лоцирано во централното градско подрачје на улица „Љубљанска“ бр.1





План на просториите



2.5. Структура на училиштето

(Училиштен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Стручни активи, Одделенски совети, Ученичка заедница)

<table>
<tr><td>Членови на Училиштен одбор (име и презиме)</td><td colspan="6">Преставници од наставниците:
1. Сузана Јованова
2. Магдалена Камчева
3. Стефани Андреева
Преставници од родителите:
1. Ѓоко Ѓорѓиев (претседател на Училишниот одбор)
2. Лидија Димовска
3. Александра Гаштарска
Преставници од основачот (општината):
4. Весна Џајкова
5. Љубенчо Ристов
Преставник од МОН:
1. Даниела Стојановска Пановска</td></tr>
<tr><td rowspan="15">Членови на Совет на родители (име и презиме)</td><td>Одд.</td><td>Име и презиме</td><td>Одд.</td><td>Име и презиме</td><td>Одд.</td><td>Име и презиме</td></tr>
<tr><td>I-1</td><td></td><td>II-1</td><td>Василка Бабунова</td><td>III-1</td><td>Александра Василевска</td></tr>
<tr><td>I-2</td><td></td><td>II-2</td><td>Милена Вчкова</td><td>III-2</td><td>Љубица Костадинов</td></tr>
<tr><td>I-3</td><td></td><td>II-3</td><td>Марија Л. Куновска</td><td>III-3</td><td>Александра Темелкова</td></tr>
<tr><td>I-4</td><td></td><td>II-4</td><td>Билјана Илијевска</td><td>III-4</td><td>Иван Синадиновски</td></tr>
<tr><td>I-5</td><td></td><td>/</td><td></td><td>III-5</td><td>Ленче Спириндовска</td></tr>
<tr><td>IV-1</td><td>Наташа Венинова</td><td>V-1</td><td>Лидија Димовска</td><td>VI-1</td><td>Александра Гаштарска</td></tr>
<tr><td>IV-2</td><td>Маргарета Р. Тодорова</td><td>V-2</td><td>Наташа Андреева</td><td>VI-2</td><td>Александра П.Андова</td></tr>
<tr><td>IV-3</td><td>Убавка Дончевска</td><td>V-3</td><td>Гордана Стојанова</td><td>VI-3</td><td>Маја Крстева</td></tr>
<tr><td>IV-4</td><td>Билјана Манева</td><td>V-4</td><td>Влатко Ѓоргиевски</td><td>VI-4</td><td>Тања Сарагинов</td></tr>
<tr><td>IV-5</td><td>/</td><td>V-5</td><td>Даница Ѓошов</td><td>VI-5</td><td>Јасмина Грданова</td></tr>
<tr><td>VII-1</td><td>Ѓорѓина Ристовска</td><td>VIII-1</td><td>Маја Џипунова</td><td>IX-1</td><td>Анде Станковски</td></tr>
<tr><td>VII-2</td><td>Сашко Јанушев</td><td>VIII-2</td><td>Цветанка</td><td>IX-2</td><td>Тања Неделков</td></tr>
</table>

				Атанасова		
	VII-3	Билјана А.Смилева	VIII-3	Цветанка Пајдакова	IX-3	Афродита Илкова
	VII-4	Наташа Петрова	VIII-4	Татјана Атанасова	IX-4	Славица Наумовска
	VII-5	Ѓоко Ѓорѓиев	VIII-5	Славјанка П.Куцулова	/	
Стручни активи (видови)	- **Одделенска настава;** - **Општествено-јазичен актив;** - **Природно-математички актив;**					
Одделенски совети (број на наставници)	**74**					
Членови на ученичка заедница (број на ученици)	**42**					
Членови на Екоодбор	**62**					

2.6. Наставен и ненаставен кадар

Одд.	Вкупно	Етничка и полова структура									
		Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	104	20	81			1	1			1	
Број на наставен кадар	74	15	59								
Број на стручни соработници	5		5								
Административни работници	5	2	3								
Техничка служба	19	2	14			1	1			1	
Директор	1	1									

2.7. Степен на образование на вработени

Образование	Број на вработени
Високо образование	57
Виша стручна спрема	27
Средно образование	3
Основно обрзование	17

2.8. Старосна структура на вработени

Години	Број на вработени
20-30	5
31-40	25
41-50	19
51-60	48
61 - пензија	7

2.9. Ученици

Одделение	Број на паралелки	Број на ученици	Етничка и родова структура на учениците									
			Македонци		Албанци		Турци		Роми		други	
			м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
I	5	134	73	60	1	/	/	/	/	/	/	/
II	4	130	71	58	/	/	/	1	/	/	/	/
III	5	123	58	61	/	/	4	/	/	/	/	/
IV	4	131	65	61	1	/	3	/	/	/	1	/
V	5	155	81	70	1	/	/	3	/	/	/	/
I – V	23	673	348	310	3	/	7	4	/	/	1	/
VI	5	138	74	63	/	/	1	/	/	/	/	/
VII	5	118	65	46	/	/	4	1	/	/	1	1
VIII	5	123	68	54	/	/	/	/	/	/	1	/
IX	4	110	54	52	/	/	3	1	/	/	/	/
VI – IX	19	489	261	215	/	/	8	2	/	/	2	1
I – IX	42	1162	609	525	3	/	15	6	/	/	3	1

-Наставен јазик

	Наставен јазик-македонски	Наставен јазик-албански	Наставен јазик-турски	Наставен јазик-српски
Број на паралелки	42	/	/	/
Број на ученици	1162	/	/	/
Број на наставници	74	/	/	/

3. Мисија и визија

Мисија

Сите заедно кон квалитетен воспитно – образовен процес кој обезбедува индивидуален развој на учениците и наставниците. Подготвени сме во разликите да го најдеме заедничкото затоа што само образованиот човек е двигател на општеството.

Мото

Учиме, успеси постигнуваме, еколошки дејствуваме и меѓуетничка толеранција негуваме.

Лого

Визија

Сакаме училиште кое ќе ни биде втор дом, средина во која учениците ќе се здобиваат со квалитетно знаење и еколошка едукација преку современа настава и меѓуетничка толеранција, прилагодено на потребите и интересите на општеството.

4. Веќе научено/Стекнати искуства

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите од работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела и програмите за работа на наставниците. За успешно постигање на поставените цели училиштето најмногу ги користи искуствата добиени од:

- анализите и заклучоците од спроведени самоевалуации за работата на училиштето, одлуки и препораки од Училишниот одбор и Советот на родители;
- анализите и искуствата од работењето на Наставничкиот совет, Одделенските совети и Стручните активи;
- учество на учениците и наставниците во хуманитарни акции води кон подигнување на свеста и соработка со Црвен крст;
- организирањето на наставата, планирањето и подготовката, следењето и оценувањето на учениците, изборот на форми и методи од страна на наставниците води кон унапредување и надоградување на наставниците;
- изведувањето на екскурзии, натпревари и настава во природа поттикнува јакнење на духот и телото кај наставниците и учениците;
- изготвувањето на тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците е показател за континуирано следење на постигањата и успехот на учениците;
- успешната работа на психолошко-педагошката служба води кон подобри резултати кај учениците;
- придобивките од примената на ИКТ во планирањето и реализацијата на наставата и воннаставните активности;
- размената на искуства во имплементација на активности за меѓуетничка интеграција во образовниот процес.

5. Подрачја на промени, приоритети и цели

Подрачја на промени	Приоритети	Цели
1.Постигања на учениците	○ Организирање обуки и дисеминации на наставниот кадар со акцент на работа со талентирани и надарени ученици ○ Користење на наставните средства и помагала за изведување на истражувачко-проектни активности и доопремување со нови	○ Интензивирање на работата со талентирани и надарени ученици ○ Подобрување на условите за изведување на истражувачко-проектни активности
2.Професионален развој на наставниот кадар	○ Подобрување на вештините на наставниците за Еразмус+ ○ Организирање работилници помеѓу наставниот кадар од нашето училиште со наставен кадар со други училишта на тема „Размена на искуства за изготвување на инструменти за оценување“	○ Размена на искуства на ниво на Стручни активи во и надвор од училиштето ○ Поголема соработка со наставници од други училишта и општини

3.Комуникација и односи со јавноста	○ Реализација на интерни обуки за наставници, ученици и родители за изработка и работа на Е-весник	○ Промоција на Е-весникот
4.Зајакнување на соработката со родителите и локалната заедница	○ Институционализирање на форми на работа во училиштето преку изготвување на процедури и правилници	○ Мотивирање на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето

6. Акциски планови

	Година 2019/2020																		
		Временска рамка (месец)														Следење			
Задача	**Активност**	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8	**Носител**	**Начин на спроведување (ресурси)**	**Инструменти**	**Очекувани резултати**	**Одговорно лице**	**x**	**Потребен буџет**
1.1.Интензивирање на работата со талентирани и надарени ученици 1.2. Подобрување на услови за изведување на истражувачко-проектни активности	1.1.1. Обуки и дисеминации на нови наставници за работа со талентирани и надарени ученици 1.1.2. Континуирано следење на изготвените планови и програми за работа со талентирани и надарени ученици 1.2.2.Користење на наставни средства и помагала за изведување на истражувачко проектни активности идоопремување со нови		X	X	X	X	X	X	X	X	X			Тим за развојно планирање, Директор, Стручна служба	Материјално-технички услови, донации и финансиски средства	Работни листови за наставници, извештаи, листи за набавки	Успешно реализирана програма за талентирани и надарени ученици Функционално реализирање на изготвениот план	М.Коруновска, Е.Митревска, Директор, М.Петрова, И.Здравковски, Р.Трајковски, Л.Грбева		
2.1.Подобрување на вештините на наставниците за Еразмус+ 2.2.Соработка со стручни активи од други училишта	2.1.3.Примена на подобрените вештини на наставниците за Еразмус+ преку одржување на отвотени часови 2.2.2.Работилница помеѓу наставниот кадар од нашето училиште со наставен кадар од други училишта на тема „Размена на искуства за изготвување на инструменти за оценување“	X			X			X	X	X	X			Тим за развојно планирање, Директор, Стручна служба	Стручна литература, збирки прирачници, трудови, ажурирани портфолија на наставниците, компјутер	Интервју на наставници кои ја посетиле обуката, работилницата	Подобар квалитет при реализација на наставата	Одговорни наставници на стручни активи, одговорни наставници на генерација		
3.1.Мотивирање на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето	3.1.3. Изработка на инструменти за имплементација на акциониот план и негова реализација		X	X			X	X	X					Одделенски раководители, Тим за имплементација	Стручна литература, анкетни листови, статистички извештаи	Анкетни листови, прашалници, извештаи	Поголема вклученост на родители во активностите на училиштето	Одговорни наставници на стручни активи		

3.2.Изработка на Е-весник на училиштето	3.2.2.Реализирање на интерни обуки за наставници, ученици и родители за изработка и работа на Е-весник		X			X			X				Тим за изработка на Е-весник	Компјутер	Извештаи, прашалник	Посетеност и читаност на Е-весникот	Наставник по информатика		

7. План за евалуација на акциските планови

Приоритети и задачи	Критериум за успех	Инструменти	Индикатор на успешност	Одговорен за следење
Постигања на учениците - Организирање обуки и дисеминации на наставниот кадар со акцент на работа со талентирани и надарени ученици - Континуирано реализирање, следење и промовирање на работата со талентирани и надарени ученици - Користење на наставните средства и помагала за изведување на истражувачко-проектни активности и доопремување со нови	- Обучени наставници - Детектирање на надарени и талентирани ученици - Успешно реализирана програма за талентирани и надарени ученици - Функционално реализирање на изготвениот план	- работни листови - извештаи - листи за набавки	- Обучени наставници - Успешно реализирана програма и промовирани талентирани и надарени ученици	М.Коруновска, Е.Митревска, Директор, М.Петрова, И.Здравковски, Р.Трајковски, Л.Грбева
Професионално усовршување на наставниот кадар - Подобрување на вештините на наставниците за Еразмус+ - Организирање работилници помеѓу наставниот кадар од нашето училиште со наставен кадар со други училишта на тема „Размена на искуства за изготвување на инструменти за оценување“	- Континуиран професионален развој - Изедначен критериум во оценувањето - Обучени наставници - Зголемена мотивација на учениците и подобрување на нивните резултати	- анкети - интервју на наставници кои ја посетиле обуката, работилницата - протокол за следење на час	- Подобар квалитет при реализација на наставата	Одговорни наставници на стручни активи, Одговорни наставници на генерација
Зајакнување на соработката со родителите и локалната заедница - Изработка не Е- весник - Мотивирање на родителите за вклучување во животот и работата на училиштето	- Обучени наставници и ученици за работа на е-весник - Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето	- анкетни листови, - прашалници - извештаи	- Посетеност и читаност на Е-весникот - Поголема вклученост на родителите во работата на училиштето	Одговорни наставници на стручни активи, Наставник по информатика

8. Календар за работа во учебна 2019/20 година

септември						
п	в	с	ч	п	с	н
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23	24	25	26	27	28	29/30
20 дена						

октомври						
п	в	с	ч	п	с	н
	1	2	3	4	5	6
7	8	9	10	11	12	13
14	15	16	17	18	19	20
21	22	23	24	25	26	27
28	29	30	31			
21 ден						

ноември						
п	в	с	ч	п	с	н
				1	2	3
4	5	6	7	8	9	10
11	12	13	14	15	16	17
18	19	20	21	22	23	24
25	26	27	28	29	30	
21 дена						

декември						
п	в	с	ч	п	с	н
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23	24	25	26	27	28	29
22 ден						

јануари						
п	в	с	ч	п	с	н
30	31	1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30	31		
10 дена						

февруари						
п	в	с	ч	п	с	н
					1	2
3	4	5	6	7	8	9
10	11	12	13	14	15	16
17	18	19	20	21	22	23
24	25	26	27	28	29	
20 дена						

март						
п	в	с	ч	п	с	н
						1
2	3	4	5	6	7	8
9	10	11	12	13	14	15
16	17	18	19	20	21	22
23	24	25	26	27	28	29
22 ден						

април						
п	в	с	ч	п	с	н
30	31	1	2	3	4	5
6	7	8	9	10	11	12
13	14	15	16	17	18	19
20	21	22	23	24	25	26
27	28	29	30			
дена						

мај						
п	в	с	ч	п	с	н
				1	2	3
4	5	6	7	8	9	10
11	12	13	14	15	16	17
18	19	20	21	22	23	24
25	26	27	28	29	30	31
20 ден						

јуни						
п	в	с	ч	п	с	н
1	2	3	4	5	6	7
8	9	10				
8 дена						

Неработни денови	прво полугодие 83	второ полугодие 97
	8 ми Септември - Ден на независноста	Велики петок
	23ти Октомври - Ден на Македонската револуционерна борба	Втор ден Велигден
	11 ти Октомври - Ден на народното востание	1 Мај Ден на трудот
	8 декември - „Св. Климент Охридски"	24 Мај Св Кирил и Методиј
	Нова година	Рамзан Бајрам

9. Настава

- **Вид на настава**

Наставата се планира и се организира согласно со Наставните план и програма за основно образование и континуирано се следи и се вреднува нејзината реализација.

Согласно со Наставниот план во училиштето ќе се остварува и ќе се организира:

- Задолжителна настава
- Изборна настава
- Дополнителна настава
- Додатна настава
- Слободни ученички активности

- **Организација на задолжителна настава**

Најчеста и најдоминантна настава која се однесува на редовното школување е задолжителната настава.Таа настава се изведува по пропишана програма за работа со точно одредено време на наставна работа за поединечно одделение. Задолжителните предмети ја сочинуваат содржинската основа на основното училиште, со која на учениците им се овозможува вертикална проодност за продолжување на школувањето во средното образование. Застапеноста на наставните предмети по одделенија и нивните квантитативни износи изразени во седмичен и годишен фонд на часови произлегува од наставниот план, а целите и содржините од наставните програми.

Училиштето како институција со најорганизиран процес на воспитна-образовна дејност, кое ја организира наставата според Законот за Основно образование, како и упатствата на БРО на РМ, води сметка за ангажираноста на наставниците во реализацијата на наставата по задолжителни и изборни предмети. Оваа учебна година наставата ќе се реализира според наставен план и програма за ученици од I до IX одделение.

Планирањата и подготовките на наставата наставниците ги вршат врз основа на моделите за планирање предложени од БРО. До 31 август се доставуваат Годишно планирање, тематско – процесно планирање, дополнителна и додатна настава. Училиштето работи во две смени од кои одделенска настава започнува во 7,30 а завршува во 15 часот, додека предметна настава работи во две смени и тоа прва од 7,30 до 12,30 и втора смена 13 часот до 18,30 часот. Наставата се реализира во специјализирани училници (кабинети) 23 и 19 класични училници, како и други специфики на задолжителната настава како кабинет по роботика, кариерно катче, минифискултурна сала, библиотека, поливалентен простор. Задолжителен странски јазик кој се изучува од прво одделение е англискиот јазик, додека втор задолжителен јазик кој се изучува од шесто одделение е германски јазик или руски јазик по избор на ученикот.

- **Изборна настава**

Изборните предмети даваат можност учениците да ги прошират и продлабочат знаењата по одделени наставни предмети и да ги развиваат своите способности. Се однесува за секој ученик, а суштината се состои во тоа што самиот ученик врши избор на предметите што ќе ги изучува во зависност од своите потреби и интереси. На крајот на наставната 2018/2019 година беа одржани родителски средби каде на учениците им беа понудени изборни предмети кои ќе ги изучуваат во текот на учебната 2019/2020 година. Беше спроведена анкета каде учениците во согласност со нивните родители се изјаснија кој изборен предмет сака да го изучува нивното дете во текот на следната наставна година.

Училиштето се раководи по упаствата од МОН за спроведување и реализација на овој вид настава и ги реализира следните постапки :

- Анализа на понудените изборни предмети од Наставниот план и програма за деветгодишно образование, изработени анкетни листови за ученици и родители;
- Во учебната 2019/2020 год. во училиштето ќе се изучуваат 7 изборни предмети и тоа: Творештво IV -V, Етика на религиите VI, Запознавање на религиите VI, Нашата татковина VII, Вештини на живеење VIII, ТО VIII, Изборен спорт VIII и IX, Проекти од информатика VIII и IXодд.;
- Изготвување на предлог-систематизација како основа за понудени изборни предмети;
- Обработка на податоци од спроведени анкети;
- Презентирање на податоците пред Наставнички совет;

- **Распоред на часови и распоред на часови за дополнителна и додатна настава (во прилози)**

- **Дополнителна настава**

Ќе се организира за учениците кои не успеале да ги совладаат содржините во редовната настава од субјективни или објективни причини и е потребно да се дополнат со дополнителна настава. Дополнителна настава се реализира во тек на наставната година, а по потреба и по завршувањето на наставната година како продолжителна настава. Според потребите може да се организира од секој наставник со еден до два часа неделно. Учениците и родителите навремено се информираат за неа.

- Изготвување на распоред за реализација и истакнат на огласна табла (до 20 септември);
- Наставниците водат соодветна евиденција и документација за реализација на овој вид настава;
- Се следат редовноста и постигнувањата на овие ученици и се известуваат родителите.

- **Додатна настава**

Додатна настава се организира за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и се појавуваат и потврдуваат со особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети и овој вид на настава се организира во слободното време на учениците според одредени програмски содржини.

- Се изготвува распоред за реализација кој ќе биде истакнат на огласна табла (до 20 септември);
- Учениците и родителите се информирани за можноста за посетување на овој вид настава;
- Наставниците водат евиденција за реализација на оваа настава.

- **Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани**

Секое дете низ наставата има право да напредува толку колку што му овозможуваат неговите потенцијали. Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и да го мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење информации, развивање способност, формирање методи, умеења и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Секој наставник изработува идивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба.

- **Индивидуализирани програми за работа со ученици со посебни образовни потреби**

Секој наставник кој во своето одделение има инклузирано ученик со посебни образовни потреби изработува индивидуална образовна програма за ученикот. Одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба, а особено со дефектологот во училиштето кој ги координира и организира сите активности, ги диференцираат целите и задачите, ги прилагодуваат формите и методите на работа и изработуваат дидактички материјали сè со цел наставната содржина да биде прилагодена на можности, способности и природата на проблемот со кој се соочува ученикот, но во исто време да биде поттикнувачка и мотивирачка за ученикот стимулирајќи ја зоната на неговиот нареден развој. Програмата се реализира во текот на една учебна година и се ревидира на крајот од годината. Ученикот со посебни образовни потреби се оценува според оваа програма, поединечно, усмено или писмено, со прилагодување на инструменти за следење на постигнувањата и со адаптирани наставни листови и тестови.

- **Проекти коишто се реализираат во училиштето**

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата. Во училиштето континуирано се ралізират следните проекти:

- ПМИО (Проект за меѓуетничка интеграција во образованието),

- „Со читање до лидерство“,
- Заедничка грижа за насочување на учениците,
- „Математика со размислување“,
- „Разрешување на конфликти“,
- „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем “ и др.

- **Имплементација на ИКТ**

Со цел подобрување на квалитетот на наставата во училиштето редовно ќе се применува ИКТ. Секој наставник одделно во своите годишни и тематско-процесни планирања е задолжен да предвиди и да реализира ИКТ-содржини и во учебната 2019/2020година.

10. Оценување

- **Видови оценување и календар на оценување**

Согласно со концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и бројчано во три периоди. Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки, а на полугодие и на крајот од учебната година се оценуваат со бројчани оценки. Во училиштето оценувањето е транспарентно, наставниците ги запознаваат учениците и родителите со критериумите за оценување и овозможуваат увид во него. Секој наставник води досие за учениците и лично професионално досие.

- **Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето**

Во училиштето постои Тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибираат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификациски периоди. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано даваат усна и писмена информација за нивните постигања. За таа цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест-задачи за што интерно се обучени. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимска работа.

- **Самоевалуација на училиштето**

Самоевалуацијата на училиштето се изготвува со динамика на две години во седум подрачја за кои се формираат тимови и ќе се изработи за период од 2019-2021 год. Наставниците и стручните соработници во соработка со родителите и учениците ќе изготват комплетна анализа на работата во училиштето во тој период и за анализите и согледувањата тимовите ќе располагаат со соодветна документација. Од самоевалуацијата ќе бидат извлечени слабите и јаките страни на училиштето, како и идните приоритети и цели кои ќе бидат детално разработени во Развојното планирање на училиштето за следните четири години. Самоевалуацијата и Развојниот план претставуваат основа за изработка на годишните програми на училиштето.

Воннаставни активности

Во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности и тоа :

Училиштен спорт - Целите на училишниот спорт се правилен психофизичкиот развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, изградување навики за здрав живот, спортска активност и култура на добро држење на телото.

Видови спорт	Одговорни наставници	Општи и конкретни цели	**Настани и турнири**
Одбојка м-ж	Петре Жабев	-Голема и разновидна опфатеност на учениците во сите спортови, -Мотивирање на учениците низ натпревари, -Развивање на спортски дух и фер-плеј, -Збогатување со спортски знаења и развој на моторички способности и локомоторниот апарат.	-Одделенски натпревари -Генерациски натпревари -Општински натпревари -Регионални натпревари -Државни натпревари
Фудбал м-ж	Наставник по ФЗО		
Ракомет м-ж	Димитар Гуновски и наставник по ФЗО		
Атлетика м-ж	Актив на ФЗО		
Кошарка м-ж	Гуновски Димитар		

Ученички натпревари - Натпреварите имаат за цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Нашето училиште учествува на: училишни натпревари, општински натпревари, регионални натпревари, државни натпревари, меѓународни ученички натпревари.

Како и секоја учебна година и во оваа ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предмети. Ќе се организираат и технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот. Некои од натреварите се само со ревијален карактер, особено каде што се вклучени ученици од одделенска настава, а некои се опционални, во зависност од тоа дали


натпреварувачите ќе се квалификуваат на повисоко ниво на натпреварување. На натпреварите на кои организаторите имаат акредитации од Министерството за образование и наука, наградите на учениците подлежат и на државна евалуација.

Општествено хуманитарна работа – Согласно со својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и поширокаата заедница. Општествено-хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина, да создава почит и позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато.

11. Поддршка на учениците

- **Постигнување на учениците**

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, како и споредбени анализи за успехот на учениците. Наставниот кадар и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручната служба и наставниците прават анализи, (а се согледуваат и потребите направени со самоевалвацијата) за потребите на учениците кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата.





Учебни години	Одлични			Многу добри			Добри			Доволни		
	м	ж	%	м	ж	%	м	ж	%	м	ж	%
2016/2017	219	283	67,75	81	53	18,08	60	27	11,74	11	5	2,16
2017/2018	231	271	67,84	85	48	18,78	58	30	11,89	7	3	1,35
2018/2019	264	285	73,4	88	42	17,38	43	22	8,69	3	1	0,53

СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ	
2016/2017	4,40
2017/2018	4,42
2018/2019	4,53

Анализата покажува дека средниот успех на учениците во претходните две учебни години е непроменет, односно изнесува 4,40 за да учебна 2018/2019 година има извесно подобрување, односно 4,53. Интенција на училиштето и оваа учебна година ќе биде подобрување на резултатите на учениците, со акцент на стекнување на квалитетни знаења, вештини и способности, а мотивацијата ќе се врши преку промовирање на постигнувањата како во училиште така и во јавноста.

- **Превентивни програми**

Во училиштето има изготвено Програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции, како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку вакцинации и ревакцинации, но реализира и едукативни работилници за учениците. Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и поширокатa околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Црвениот крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето (грип, заразни болести...). Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава - одделенски час, програма за животни вештини, изборната настава како и воннаставни активности-предавања и разговори со надворешни стручни лица во врска со превентива од разни заразни болеси и болести на зависност.

- **Безбедност во училиштето**

Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенција за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на одделенските наставници, сè додека не ги земат родителите. Училиштето има изработено *План за заштита и спасување* кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки .

- **Позитивна социо-емоцинална клима**

Во текот на учебната 2019/2020 год. ќе бидат изготвени содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, Советот на одделенските наставници, Советот на предметните наставници, Стручната служба, во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Ќе се изготват и планови и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стручната служба во училиштето. Целта е да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос,

меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност, еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.

12. Грижа за здравјето

Програмата за заштита на здравјето на учениците се темели на законските прописи кои се одредени од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, сознанијата за развојните карактеристики на училишната возраст и психолошка, здравствена и физичка состојба на учениците.

- **Хигиена во училиштето**

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи, така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Оваа учебна година ќе се изврши реновирање на санитарните јазли во училиштето, преку добиен гранд од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, каде нашето училиште беше избрано во конкуренција од 195 апликации од основни и средни училишта од 66 општини во нашата Република и рангирано на второ место. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите и истата редовно се дезинфицира. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

- **Систематски прегледи и вакцинирање**

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Систематските прегледи и вакцинирањето ќе се реализира во согласност со календарот за имунизација даден од Министерството за здравство во соработка со Школска превентива, при што организиринано се врши имунизација на учениците. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III, V, VII и IX одд. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I до VI одд. За сите прегледи навремено се информирани родителите. Во текот на годината се планира и реализација на работилници од програмата ОЖВ со цел подобрување на физичкото и менталното здравје на учениците. Низ здравствената едукација ќе се реализира програма за превенција на забите, здрава исхрана и подобрување на општото здравје на учениците.

- **Едукација за здрава исхрана**

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и предавања кои ќе имаат за цел да ја подигнат свеста кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна. За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за

изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана. Училиштето става акцент на правилна исхрана на учениците.

13. Училишна клима и односи во училиштето

- **Дисциплина**

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Наставниците се задолжени за дисциплината на учениците како на часовите така и за време на одморите. Ќе се изготви распоред, кој без исклучок ќе се следи и ќе се спроведува.

- **Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

Естетско, функционално и тематско уредување на училниците и ходниците во училиштето се спроведува континуирано. Вработените и учениците развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (при тоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето). Потребно е заеднички да се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишните холови, како и тековно одржување на хигиената во училишниот двор. Наставниците придонесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за тоа.

- **Етички кодекс**

Во училиштето има изготвено кодекси на однесување за сите субјекти. Во учебната 2019/2020 година ќе се преработат, квалитетно ќе се подобрат и ќе се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци ќе се почитуваат. Тоа се:

- Етички кодекс за наставниците
- Етички кодекс за учениците
- Етички кодекс за родители
- Етички кодекс за другите вработени.

- **Мултикултурализам**

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно и да препознава дека целото е богато со многу составни делови. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички заедници од I до IX одделение. Во нив, исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од

Локалната заедница, претставници од Општината и од бизнис-секторот. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето учествува во модел-училишта на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Училиштето соработува со партнер училиштето ОУ „Рајко Жинзифов" од Оризари, како и со училиштето во Јаболчиште каде се изведува настава на албански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури и традиции, како и заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираат разни видови тематски приредби и претстави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за своите соученици од различни етнички заедници. Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари, квизови, организирани во самото училиште како и во другите училишта на ниво на општина. Исто така учениците активно се вклучуваат во натпревари во лигата за фудбал и кошарка, турнирите во ракомет и одбојка, есенски крос, возење ролери, велосипеди и останати спортски настани.

- Промоција на активностите пред медиумите, локалната самоуправа, родителите, наставниците и учениците на двете партнер-училишта. .

- Примена на меѓуетничка интеграција на часовите по животни вештини во предметна и одделенска настава.

- **Односи меѓу сите структури**

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училиштен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи). Таа комуникација се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свеченост, посети или излети, одржување на заеднички часови, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите и сл. За учебната 2019/2020 година се планира реализација на заеднички состаноци – работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат можните слабости на комуникацијата и воедно ќе се предлагаат нови начини на комуницирање.

14. Професионален развој на образовниот кадар

- **Детектирање на потребите и приоритетите**

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции. Во нашето училиште постои Тим за професионален развој на наставниците (директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи) и нивна задача е да ги детектираат потребите за професионален развој на наставниците и да изберат соодветни обуки.

- **Активности за професионален развој**

Се планира организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците, се изготвуваат акциски планови, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат приоритети за професионален развој.

- **Личен професионален развој**

Се планира поединечно следење и напредување на наставниците, нивно вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати. Личниот професионален развој подразбира поединечно мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки, за стекнување на сертификат, вреднување и активно учество на наставниците и вработените на понудени обуки од еколошката програма. Училиштето планира различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство преку стручните активи, организирање на отворени часови и работилници.

- **Хоризонтално учење**

Хоризонталното учење подразбира организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионалните искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници и слично. Постојат различни видови на хоризонтално учење преку кое наставниците учат едни од други и на тој начин се постигнуваат најдобри резултати. Професионалниот развој во училиштето се одвива преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства, внатре во училиштето и помеѓу повеќе училишта. За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој

поединец. Отворените наставни часови, кои можат да се организираат на ниво на одделенска и предметна настава и на ниво на стручни активи, да бидат на тема која ќе ги заинтересира сите наставници или барем повеќе од нив како што се:

- Интерактивни современи техники и методи во наставта, учењето и оценување;
- Користење ИКТ во наставата;
- Разни проектни активности.

- **Тимската работа и училишната клима**

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на заемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до деветто одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари. Тимската работа дава можност за изнаоѓање на нови идеи и зголемена ефикасност на работата кај поединецот преку одржување на ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки.

15. Вклученост на семејството во училиштето

- **Во животот и работата на училиштето**

Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училиштен одбор. На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик, а се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2019/2020 година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организација на забави, приредби, хепенинзи, акции, екскурзии и други манифестации. На почетокот на учебната година на родителите и на пошироката јавност ќе им биде поделена брошура изработена од страна на училиштето. Тие преку брошурата ќе бидат запознаени со делови од годишната програма, правилници и кодекси предвидени за учебната 2019/2020 година.

- **Во процесот на учење**

На редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците

им даваат јасни и конкретни насоки на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење. Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на ученици кои манифестираат несоодветно однесување согласно со Законот се поканuваат на советување коешто го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања. Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем", проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието", „Со читање до лидерство", „Претприемништво во образованието" и др. Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави, забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како „Подари книга", „Велигденски хепенинг", „Новогодишен хепенинг" и многу други. На веб-страницата на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

- **За активностите во училиштето**

Советот на родители придонесува во подобрување на условите за работа и унапредување на реализација и на воннаставните активности во училиштето. Истовремено Советот на родители дава целосна поддршка на училиштето во спроведување на проектите што треба да се реализираат во текот на учебната година. Соработка е воспоставена на начин што некои родители одржуваат предавања, работилници, изработуваат помошни наставно-дидактички средства, изработуваат разни проекти или земаат учество во изработка на проекти при организирање на екскурзии, спортски натпревари и др.

- **Во донесување одлуки**

По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува ставовите на учениците и родителите во врска со животот и работата на училиштето и ги зема предвид нивните мислења и сугестии. Се формира Совет на родителите во рамките на паралелката и на училиштето и се изработуваат програми за реализирање на содржините и активностите. На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-членови им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

- **Едукација на семејството**

Во текот на учебната година се организираат стручни едукативни предавања за родителите со цел превенција од насилничко однесување кај учениците, зависности од дрога и алкохол, поттикнување на меѓуетничката толеранција и други предавања.

- **Изработка на брошура за родители**

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценување на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации.

16. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

Улогата на комуникацијата со јавноста, во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во Локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во Локалната заедница, учениците ја презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, поширокаа јавност и општината.

- **Локална зедница**

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во Локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со Локалната заедница. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.

- **Институции од областа на културата**

Во текот на годината се организираат посети на културно-уметнички споменици и манифестации, посета на Музејот, се остварува соработка со Театарот „ЈХК - Џинот" и во зависност од интересот на учениците се организира посета на театарски претстави.

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија, со детските градинки, основните и средни училишта. Соработката со основните училишта од општината, републиката и пошироко се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења и манифестации од спортско-рекреативен и забавен карактер. Соработката со средните училишта се остварува преку

најразлични форми на културо–образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

- **Невладини организации**

Во зависност од изготвената програма за соработка со Локалната заедница се предвидува и соработка со невладиниот сектор и тоа: соработката со ЕД „Вила Зора", која е со најсилен интезитет, во повеќе сегменти на ВОР и воннаставни активности се вклучуваме во нивните активности. Формиран е огранок на ова друштво во кој членуваат четириесетина ученици од нашето училиште. Училиштето соработува и со ИО „Димитар Влахов", ГА „Фокус", НВО „Друштво за грижа за здраво поколение" и др .

- **Спортски друштва**

Сè со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење, училиштето формира Училиштен спортски клуб УСК „Блаже Конески" – Велес кој ќе соработува со сите новоформирани училишни спортски клубови. Покрај овоие клубови нашиот УСК соработува и со ОК „Виола Волеј", КК „Уни баскет", ГОК „Борец", ГРК „Борец", РК „Велес 2000", КК „Борец ", ФК „Гемиџии", ФК „Борец"и други спортски клубови.

- **Здравствени организации**

Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: Медицински центар, Центар за јавно здравје, ЈЗО Општа болница - Велес, Центарот за социјална работа – Велес, Завод за ментално здравје на деца и младинци– Скопје, со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици. Во оваа учебна година ќе се продолжи соработката со Центарот за јавно здравје поради контролирање на храната која учениците ја купуваат во близина на училиштето и проверка на квалитетот на храната и услугата во училишната кујна .

- **Медиуми**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности како и натпревари од забавно-спортски карактер, учество во ТВ-емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година годината. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати во соработка со медиумите . Училиштето својата транспарентност ја овозможува преку соработка со ТВ и радио станици како и учество во Државна телевизија со што се овозможува запознавање на јавноста за работата и афирмација на училиштето. На овој начин поширокатa јавност навремено е информирана за сите успеси и еколошки активности на училиштето. Презентацијата на училиштето и неговите активности исто така ќе се реализира и преку: пишани материјали, флаери, брошура за родителите кои се подготвуваат на почетокот од учебната година. Интернет презентација на

сите активности за работата на училиштето се врши и преку веб-страницата на училиштето ***www.blazekoneskiveles.com*** и порталите Лисица, Ти реков ми рече и други.Училиштето планира соработка и со повеќе печатени медиуми и списанијата за деци и млади „Развигор", „Другарче" и „Наш свет".

17.Прилози

- **Програмата „Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија"**

Уште на почетокот на година ќе се изврши измена и дополнување на членовите на Екоодборот кој е формиран години наназад. Прилозите за реализација на Програмата „Интеграција на Еколошката едукација во образовниот систем на Република Македонија" се изготвуваат на почетокот на учебната година и се во корелација со седумте чекори на екоменаџментот. Тој се формира со цел навремено предлагање и поддршка на реализацијата на еко активностите. Записниците и предлозите ќе бидат презентирани пред Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на родители. (П1)

Анализата на состојбата на животната средина ќе се изврши со цел добивање податоци за изготвување на Планот на активности и издвојување приоритети за реализација во оваа учебна година. (П2)

Планот на активности ќе се изготви врз основа на добиените податоци од извршената анализа на состојбата во училиштето и во него ќе бидат прецизирани конкретни активности и нивните носители со приближна временска рамка. (П3)

Следниот чекор е следење и евалуација на напредокот кој ќе овозможи учениците со свои ангажирања да се вклучат во реализација на Екопрограмата. Доколку се укаже потреба можни се измени и дополнувања на Планот на активности. (П4)

Поврзувањето со Наставната програма се врши во сите наставни предмети со цел продлабочување на ученичките знаења од областа на екологијата и реализација на профрамата. Во текот на годината можни се измени и дополнувања во согласност на потребите кои ќе се укажат. (П5)

Вклучувањето на поширокаата заедница ќе се овозможи преку информирање на јавноста за еколошките активности, со помош на медиумите и други форми на известување. На тој начин жителите на нашиот град и пошироко ќе добијат можност да се вклучат во реалиизација на Екопрограмата и ќе придонесат за подобрување на условите за живот и заштита на животната средина. (П6)

Сите чинители на ВОР во нашето училиште ќе учествуваат во измени и дополнувања на Екокодексот кој ќе биде нашиот правилник за однесување од областа на екологијата. Ќе се распише конкурс за најкреативно изработен екокодекс во секоја училница. (П7)

Во сите прилози детално ќе бидат објаснети сите еколошки активности кои ќе ги преземе училиштето на чело со Екоодборот и директорот на училиштето со цел подигање на еколошката свест кај сите учесници на ВОР и поширокаата ЛЗ и заштита на животната средина.

- **Програмата за Антикорупциска едукација на учениците 2019/2020 год.**

Сите активности во проектот за учениците ќе им бидат прикажани на соодветен начин, односно на јазик и стил прифатлив за нивната возраст. Со различни интерактивни ангажмани, учениците ќе бидат ставени во активна улога, кои ќе имаат цел позитивно да влијаат на нив, и од нив да направат активни граѓани кои се носители на позитивни вредности. Програмата за „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта" има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Ученикот преку оваа програма ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава. Оперативната програма (табеларно) е прикажана во Прилозите кон Годишната програма.

- **Нов концепт за граѓанско образование - Активности за поттикнување демократска клима во училиштата во учебната 2019/2020 год.**

Новиот концепт за граѓанско образование претставува современ начин на изучување на предметот Граѓанско образование кој претпочита вклучување на целото училиште (и Локалната заедница) во промоција на граѓански вредности и практикување на демократско однесување. Носител на процесот е БРО, а МЦГО го поддржува процесот преку проектите за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и Јакнење мултиетничката соработка во општините. Сите активности на концептот треба да придонесат за поттикнување на чувство на одговорност помеѓу учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата, предлага активности во органите на Ученичката заедница за заштита на правата на децата, предлага активности кои промовираат ненасилство во училиштето, дава идеи за иницирање активности за подобрување на животот во заедницата (еколошки и хуманитарни активности, граѓански иницијативи), препознава и планира активности што придонесуваат да се подобрат односите во заедницата, учествува во активности што ги зајакнуваат односите меѓу различните култури, учествува и иницира активности за подобрување на животот во училиштето и заедницата. Оперативната програма е прикажана во Прилозите кон Годишната програма.

18. Инструмент за подготовка, следење и евалуација на програмите и акционите планови

Година 2019/2020																		
Активност	Временска рамка (месец)												Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инстру-менти	Очекувани резултати	Следење		Потребен буџет
	9	10	11	12	1	2	3	4	5	6	7	8					Одговорно лице	✓ x	
Следење на реализација на Годишна програма			x			x		x					Директор, стручна служба наставници	Состаноци, консултации, анализи на реализација	Анализи, записници, статистички и текстуални извештаи	Успешна реализација	Директор, стручна служба		
Анализа на работата на стручните активи				x			x						Претседатели на стручни активи	Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи	Записници, анализи, извештаи	Утврдување на подрачја на промени во наредната учебна	Директор, стручна служба		

															год.			
Следење на реализација на акциските планови			x			x		x				Директор, стручна служба наставници и стручен тим	Состаноци, консултации, анализи на реализација	Анализи, записници, статистички и текстуал-ни извештаи	Успешна реализација	Директор, стручна служба		
Анализа на оценувањето на учениците			x			x		x		x		Одделенски и наставнички совет	Статистички анализи на постигнатиот успех на учениците	Статистички прегледи и формулари	Подобрување на постигањата на учениците	Директор, стручна служба		
Изготвување анализи на постигањата по класификациони периоди			x		x			x		x		Наставници, стручна служба	анализи на постигнатите резултати на учениците	Статистички прегледи и формулари	Подобрување на постигањата на учениците	Наставници, стручна служба		
Следење на професионален развој на вработените						x			x			Директор, претседатели на стручни активи	Консултации, увиди во сертификати и во настав-ничко досие	Професио-нално досие на вработе-ните	Унапредување на компе-тенциите на наставниот кадар	Психолог, педагог		
Следење на реализација на наставните часови		x	x	x		x	x	x				Директор, стручна служба	Посета на час, разговор, увид во дневни подготовки	Чек листа, записник, евидентни листи	Осовремену-вање на наставата	Директор, психолог, педагог		
Набавка и користење на наставни материјали и средства	x	x	x	x		x	x	x	x			Директор, Стручна служба	Анкета на потреби ,набавки	Анкети , пописни листи	Подобрување на постигањата на учениците	Директор, психолог, педагог		

Тим кој учествувал во изработка на Годишната програма за учебната 2019/2020 година

- Директор
- Стручна служба
- Наставен кадар

Потпис на директор

Датум

2019 година

Велес

м.п

Потпис на претседател
на Училиштен одбор